

# КОЈА Е ЦЕНАТА НА ТОА ШТО НЕМАМЕ ОРГАНИЗИРАН СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА?

**ИЗДАВАЧ:**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**

Јасминка Фришчиќ, извршна директорка на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ

**АВТОР:**

Борјан Павловски

Анализата е подготвена во соработка со Деби Будлендер

Скопје, октомври 2021 година

Бесплатен/некомерцијален примерок

Фондацијата Отворено општество –Македонија обезбеди финансиска поддршка за подготовка на оваа публикација

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ЛИСТА НА СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ДСГ** | Дијагностичко сродни групи |
| **ЕСЕ** | Еманципација, солидарност и еднаквост |
| **ЈЗУ** | Јавна здравствена установа |
| **МКБ-10** | Меѓународна класификација на болестите (10-та ревизија) |
| **ПАП** | Папаниколау тест |
| **ПЗУ** | Приватна здравствена установа |
| **УК** | Универзитетска клиника |
| **ФЗОРСМ** | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |

# СОДРЖИНА


ВОВЕД........................................................................................................................ 5

I. ЗБИРНИ ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА................................. 6

II. ИЗГУБЕНИ ГОДИНИ НА ЖИВОТ........................................................................................ 8

III. КОЛКУ СРЕДСТВА СЕ ПОТРЕБНИ ЗА УСПЕШЕН СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА? ........................................................................................................................ 9

IV. ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА................................................. 10

IV. 1. Трошоци од страна на државата.............................................................................. 10

IV.2. Трошоци од страна на жените што боледуваат од рак на грлото на матката... 14

V. ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАБОЛУВАЊЕТО ВРЗ ЖЕНИТЕ.................................................................. 20

# ВОВЕД

Во Македонија од 2012 година се спроведува Програма за скрининг на рак на грлото на матката,меѓутоа и по 10 години спроведување се бележи недоволен опфат на жените со оваа програма. Ова се должи на повеќе фактори, вклучувајќи го нејзиното недоволно финансирање, несоодветната координација помеѓу различните извршители на Програмата, како и недостигот на соодветен мониторинг за нејзино спроведување. Поради тоа и од страна на Европската комисија беше забележано дека во РС Македонија не постои организиран скрининг за рак на грлото на матката. Сето тоа резултира со предвремена смртност кај жените, која може да се спречи, бидејќи доколку ракот на грлото на матката се открие навреме, може успешно да се лекува, а со тоа не само да се продолжи животот туку и да се подобри квалитетот на животот на жените кај кои е дијагностицирано ова заболување.

Целта со оваа анализа е да се утврди влијанието на карциномот на грлото на матката откриен во понапредна фаза врз животот на жените и врз трошоците поврзани со дијагностиката, лекувањето и палијативното згрижување во врска со ова заболување,од страна на државата и од страна на жените. Воедно, преку анализата е прикажано дека преку зголемувањето на финансиските средства наменети за оваа програма ќе се спасат животи на жените, ќе се продолжи животот на жените и ќе се унапреди квалитетот на животот, а воедно државата и жените ќе заштедат финансиски средства.

За потребите на анализата се користени податоците за направените трошоци од Фондот за здравствено осигурување, Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија и од Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина, како и податоци добиени од жените што страдаат од ова заболување. Податоците од ФЗОРСМ, од УК за онкологија и радиотерапија и од Специјализираната болница се добиени преку постапката за пристап до информации од јавен карактер. Податоците за жените се добиени од интервјуа, кои беа направени со 16 жени што се лекуваат од карцином на грлото на матката на УК за онкологија и радиотерапија. Од нив 7 (седум) беа на болничко лекување во Клиниката, додека 9 (девет) беа на амбулантско лекување. Податоците поврзани со смртноста се добиени од Државниот завод за статистика.

# I. ЗБИРНИ ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

Поради последиците од ненавремено откривање на ракот на грлото на матката, во РС Македонија секоја година во просек се изгубени 593 години на живот кај жените. Ракот на грлото на матката откриен во напредна фаза остава долгорочни последици во однос на квалитетот на животот на жените и членовите на нивните семејства.

Ненавременото откривање на ракот на грлото на матката воедно води и до големи трошоци, како од страна на државата, така и од страна на жените и нивните семејства. Во овој дел се претставени збирните трошоци од страна на државата и од страна на жените, а во понатамошните поглавја од анализата, во детали е опишано и прикажано на кој начин се пресметани трошоците.

Мора да се потенцира дека со спроведување на сеопфатен и квалитетен скрининг за рак на грлото на матката би се спасиле животите на жените, би се подобрил квалитетот на животот и значително би се намалиле трошоците.

**Проценетиот трошок на државата,** поточно на ФЗОРСМ годишно за третман на жените што боледуваат од рак на грлото на матката откриен во напредна фаза изнесува речиси 29 милиони денари, поточно 28.894.725 денари (табела бр. 1). Мора да се нагласи дека реалниот трошок е поголем, бидејќи од страна на ФЗОРСМ не се обезбедени податоци за трошоците во специјалистичко-консултативната здравствена заштита.

***Табела бр. 1.*** *Трошоци на годишно ниво од страна на ФЗОРСМ поврзани со ракот на грлото на матката откриен во понапредна фаза*

| Опис | Паричен износ (во денари) |
|---|---|
| **Исплати на ФЗОРСМ до ЈЗУ според дијагностичко сродни групи (реална вредност)** | 8.913.005 |
| **Трошоци за лекување на ЈЗУ УК за онкологија и радиотерапија (реална вредност)** | 10.191.976 |
| **Трошоци за палијативно згрижување во ЈЗУ Специјална болница за геријатриска и палијативна медицина (реална вредност)** | 121.644 |
| **Трошоци на ФЗОРСМ за боледувања (проценета вредност)** | 9.668.100 |
| **Вкупно** | **28.894.725** |

**Проценетите трошоци што ги имаат 334 жени**[1] што боледуваат од рак на грлото на матката откриен во напредна фаза на годишно ниво изнесува 10.858.129 денари (табела бр. 2). Вредно е да се напомене дека жените реално имаат повеќе трошоци од прикажаните, бидејќи при интервјуата тие наведуваа и останати трошоци за кои не можеа да дадат точен износ, како што е купување на потребни производи и храна при болнички престој. Воедно, во пресметките не се вклучени патните трошоци за жените што се на болнички престој во Скопје, а си одат дома за викендите.

***Табела бр. 2.*** *Трошоци на жените поврзани со дијагностиката, лекувањето и палијативното згрижување во однос на ракот на грлото на матката*

| Опис на трошокот | Просечен износ во денари за една жена на годишно ниво | Проценет вкупен износ во денари за жените што боледуваат од рак на грлото на матката на годишно ниво |
|---|---|---|
| **Дијагностички здравствени услуги** | 11. 043 | 3 .688.362 |
| **Патни трошоци** | 8.807 | 2.941.538 |
| **Лекови, додатоци во исхраната и останати производи** | 7.286 | 2.433.524 |
| **Боледување (пресметано врз основа на губиток од платата)** | 12.795[2] | 1.714.530 |
| **Палијативно згрижување** | / | 80.175 |
| **Вкупно** | | **10.858.129** |

Проценката е дека вкупно од страна на државата и од страна на жените, годишните трошоци поврзани со ракот на грлото на матката изнесуваат минимум **39.752.854** денари. Како што беше наведено претходно, реалните годишни трошоци се повисоки од оваа сума.

Дополнително на овие трошоци, дел од жените имаат потреба од нега од трето лице во одреден временски период. Работата за оваа нега, иако не е платена, има своја вредност и таа изнесува 21.912 денари за една жена, односно вкупно за жените што боледуваат од рак на грлото на матката таа би изнесувала од 2.256.936 денари.

---

[1]Бројот од 334 жени е добиен како просечен број на жени што се лекуваат на УК за онкологија и радиотерапија на годишно ниво (за периодот од 2016 до 2018 година).

[2]Просечниот износ на губиток на средства врз основа на боледување се однесува само на жените што се во работен однос, според проценката земено е дека 40% од жените што се дијагностицирани со рак на грлото на матката се во работен однос.

## II. ИЗГУБЕНИ ГОДИНИ НА ЖИВОТ

Изгубените години на живот претставуваат збирна мерка во однос на предвремената смртност кај населението. Во 2016 година се бележат 47 смртни случаи од рак на грлото на матката, како резултат на задоцнетото откривање на заболувањето. Поради предвремената смртност кај жените, само во 2016 година се изгубени 612 години на живот[3] поради рак на грлото на матката. Во 2017 година се бележат 30 смртни случаи од рак на грлото на матката, а во истата година се изгубени 574 години на живот помеѓу жените, поради предвремена смртност од ова заболување. Во табелата број 3 се прикажани смртните случаи поделени по возрасни групи и врз основа на овие податоци се направени пресметките за предвремена смртност и изгубените години на живот.

Предвремената смртност и изгубените години на живот претставуваат ненадоместлива загуба за жените и за нивните семејства. Меѓутоа, исто така, овие изгубени години на живот значат дека жените немале можност да придонесуваат за своето семејство, во својата работа и воопшто во општеството. Поради тоа од предвремена смртност не страдаат само заболените и нивните семејства, туку и целото општество. Во исто време мора да се истакне дека предвремената смртност може да се превенира доколку ракот на грлото на матката бил откриен навреме преку организиран скрининг.

***Табела бр. 3.*** *Приказ на жените починати од рак на грло на матката, поделено по возрасни групи (Извор: Државен завод за статистика)*

| Година | Вкупно | Возраст (во години) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 25–34 | 35–44 | 45–54 | 55–64 | 65–74 | над 75 |
| 2016 | 47 | / | 3 | 7 | 16 | 11 | 10 |
| 2017 | 30 | 4 | 3 | 7 | 4 | 6 | 6 |

[3]Изгубените години на живот се пресметуваат преку собирање на бројот на смртни случаи на одредена возраст и множење на овој број со бројот на години што преостануваат до 75 години. На крај се собираат сите овие вредности за да се добие вкупниот број на изгубени години на живот. На пример: 4 жени починале на возраст од 29 години. Во тој случај 4 се множи со 46 и се добива вредност од 184 години. Истото се повторува за секоја возраст во која се бележи смрт од рак на грлото на матката.
Забелешка: Бидејќи во добиените податоци од ДЗС возраста на жените за време на смртта е дадена според возрасни групи, за потребите на оваа анализа како години на возраст на жените за време на смртта е земена средната вредност од секоја возрасна група (на пример: за возрасната група 25–34 години е земена вредноста од 29 години).

## III. КОЛКУ СРЕДСТВА СЕ ПОТРЕБНИ ЗА УСПЕШЕН СКРИНИНГ НА РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА?

За да обезбеди опфат со скрининг за рак на грлото на матката на 80% од жените на возраст од 24 до 60 години, државата за тригодишен период потребно е да одвои 168.698.100[4] денари. Ова би значело дека Министерството за здравство треба да обезбеди во просек 56.566.033 денари на годишно ниво за оваа намена.

Со овие средства ќе се спасат помеѓу 30 до 50 животи годишно, а воедно ќе спречи предвремено да не се изгубат 590 години живот помеѓу жените.

Воедно минималните трошоци од страна на државата и од страна на жените поврзани со рак на грлото на матката (39,7 милиони денари) изнесуваат 70% од потребната сума што Министерството треба да ја издвои за успешен скрининг на годишно ниво. Инвестирањето во скринингот значително ќе ги намали сите овие трошоци, односно ќе донесе заштеда и за државата и за жените и нивните семејства.

[4] 16.344.900 денари за поканување на 544.833 жени на возраст од 24 до 60 години; 76.276.600 денари за спроведување на ПАП-тестови на 80 % од женската поулација на возраст од 24 до 60 години; 76.276.600 денари за цитолошка анализа на направените ПАП-тестови; 300 000 денари за координација на скринингот од страна на центрите за јавно здравје и 500.000 денари за активностите на мобилната гинеколошка ординација.

# IV. ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАК НА ГРЛОТО НА МАТКАТА

## IV.1. Трошоци од страна на државата

Во ова поглавје се прикажани трошоците што ги исплаќа ФЗОРСМ, а се поврзани со лекувањето, палијативното згрижување и боледувањето на жените што боледуваат од рак на грлото на матката.

### Трошоци за болничко лекување според ДСГ- методологија

Фондот за здравствено осигурување на РС Македонија претставува институција која за здравствените услуги им плаќа на своите осигуреници на сите три нивоа на здравствена заштита. Предмет на анализа беше да се утврдат трошоците што им ги исплаќа ФЗОРСМ на сите ЈЗУ и ПЗУ кои имаат склучено договор со ФЗОРСМ за сите здравствени услуги поврзани со дијагностиката и лекувањето на рак на грлото на матката[5] во периодот од 2016 до 2018 година. Меѓутоа, поради начинот на водење на податоците, од ФЗОРСМ беше добиен одговор дека од електронскиот систем не е можно да се извадат податоци за финансиските средства што ги исплаќа Фондот во специјалистичко-консултативната здравствена заштита, без притоа да не се наруши редовното работење на Фондот[6]. Поради тоа ФЗОРСМ достави податоци само за исплатените финансиски средства на ЈЗУ за болничко лекување, исплатени според ДСГ[7], за периодот од 2016 до 2018 година (табела бр. 4). Од добиените податоци може да се забележи дека трошоците за болничко лекување од страна на ФЗОРСМ се зголемуваат од година во година. Ова зголемување пред сè се должи на зголемување на бројот на случаи[8] на лекување од година во година, бидејќи просечниот трошок по случај не бележи значителни промени низ годините.

ФЗОРСМ има просечен годишен трошок од 8.913.005 денари, изваден како просек од трите години што се предмет на разгледување (2016, 2017 и 2018 година).

***Табела бр. 4.*** *Приказ на финансиските средства исплатени од ФЗОРСМ за лекување на рак на грлото на матката, исплатен на ЈЗУ според ДСГ - методологијата, приказ на број на случаи и просечен трошок по случај*

| Година | Износ во денари | Број на случаи | Просечен трошок по случај во денари |
|---|---|---|---|
| **2016** | 7.391.640 | 269 | 27.478 |
| **2017** | 9.365.865 | 353 | 26.532 |
| **2018** | 9.981.512 | 368 | 27.124 |

[5] Малигна неоплазма на цервикс на утерусот, односно за следните дијагнози според МКБ-10: C53, C53.1, C53.8, C53.9.
[6] Анекс 1: Копија од доставен одговор од страна на ФЗОРСМ.
[7] Листата на ДСГ се содржи во одговорот доставен од страна на ФЗОРСМ приложен во Анекс 1.
[8] Од страна на ФЗОРСМ се добиени податоци за бројот на случаи на хоспитализации, односно бројот на болнички лекувања, а не бројот на лекувани жени/пациентки, што значи дека едно исто лице може повеќе пати да биде хоспитализирано во текот на годината.

## Трошоци за лекување на ЈЗУ Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија

На Универзитетската клиника за онкологија и радиотерапија се лекуваат поголем дел од жените со рак на грлото на матката каде што ракот е откриен во понапредна фаза (табела бр. 5). Податоците прикажани во овој дел се добиени од страна на УК за онкологија и радиотерапија по барања за пристап до информации од јавен карактер.

**Табела бр. 5.** *Приказ на бројот на жени што се лекувале на УК за онкологија и радиотерапија според видот на третман што го добиле*

| Број на жени лекувани на УК за онкологија и радиотерапија | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на третман** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** |
| **Радиотерапија (зрачна терапија)** | 116 | 113 | 119 |
| **Хемотерапија** | 133 | 150 | 165 |
| **Комбинирана терапија (зрачна терапија и хемотерапија)** | 68 | 64 | 73 |

Во табелата број 6 е прикажан годишниот трошок за лекување на жените со дијагноза рак на грлото на матката во УК за онкологија и радиотерапија, поделен според видот на третман. Овие износи не се содржат во податоците за трошоците прикажани претходно од ФЗОРСМ, бидејќи овие видови на третмани не се во листата на ДСГ што ги достави Фондот. Од податоците може да се забележи дека просечен годишен трошок за лекување на рак на грлото на матката во УК за онкологија и радиотерапија изнесува 10191976 денари (како просек од трите години што се предмет на разгледување – 2016, 2017 и 2018 година).

**Табела бр. 6.** *Приказ на трошоците за лекување на жените со дијагноза рак на грлото на матката во УК за онкологија и радиотерапија, поделено според видот на третман*

| Годишен трошок за третман на жените во денари | | | |
|---|---|---|---|
| **Вид на третман** | **2016 година** | **2017 година** | **2018 година** |
| **Радиотерапија (зрачна терапија)** | 7.394.048 | 7.570.598 | 7.770.610 |
| **Хемотерапија** | 2.434.748 | 2.971.176 | 2.434.748 |
| **Вкупно** | **9.828.796** | **10.541.774** | **10.205.358** |

Просечниот трошок за лекување на една жена со дијагноза рак на грлото на матката на годишно ниво е највисок во 2017 година, а најнизок во 2018 година (табела бр. 7).

***Табела бр. 7.*** *Приказ на просечниот трошок за лекување на една жена со дијагноза рак на грлото на матката на УК за онкологија и радиотерапија*

| Година | Вкупен број на жени третирани на Клиниката | Годишен трошок за третман на жените (во денари) | Просечен трошок за лекување на една жена (во денари) |
|---|---|---|---|
| **2016** | 317 | 9.828.796 | 31.006 |
| **2017** | 327 | 10.541.774 | 32.238 |
| **2018** | 357 | 10.205.358 | 28.586 |

## Трошоци за палијативно згрижување

ЈЗУ Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје е единствената здравствена установа во Македонија која обезбедува палијативна здравствена заштита за хронични заболувања, со посебен акцент на малигните заболувања. Во 2018 година, вкупно четири пациентки биле згрижени за палијативна здравствена заштита, додека во 2019 две пациентки. Трошокот за палијативно згрижување на пациентите делумно е покриен од страна на ФЗОРСМ[9], а делумно од самите пациенти, односно нивните семејства. Во овој дел се разгледуваат само трошоците што се наплатени од ФЗОРСМ, а во наредното поглавје ќе бидат разгледувани трошоците што се наплатени од пациентките, односно нивните семејства. Трошоците наплатени од страна на ФЗОРСМ се прикажани во табелата број 8. Може да се забележи дека во 2018 година просечниот трошок по пациентка е повисок за разлика од 2019 година, меѓутоа тоа пред сè се должи на подолгиот просечен престој на пациентките во установата. Имено, во 2018 година, просечен број на болнички денови по пациент изнесува 56 дена, додека во 2019 изнесува 49 дена.

Во просек на годишно ниво, ФЗОРСМ исплаќа 121.644 денари за палијативно згрижување за жените што боледуваат од рак на грлото на матката, изваден како просечен износ од двете години што се предмет на разгледување (2018 и 2019 година).

[9] Средствата што се исплатени од ФЗОРСМ кон ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина не се дел од трошоците што се прикажани во табелата број 1, бидејќи оваа болница не наплаќа трошоци според системот на ДСГ.

*Табела бр. 8. Приказ на трошоците во ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина наплатени од страна на ФЗОРСМ, според број на пациентки и болнички денови*

| Година | Број на пациентки | Вкупен број на болнички денови | Вкупно средства наплатени од страна на ФЗОРСМ (во денари) | Просечен трошок по пациент (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| **2018** | 4 | 224 | 169.788 | 42.447 |
| **2019** | 2 | 98 | 73.500 | 36.750 |

## Трошоци за боледување

Од интервјуата со жените беше добиен податок дека сите жени што биле вработени кога им бил дијагностициран рак на грлото на матката користеле боледување. Од 16 жени што беа интервјуирани, шест или 37,5 % биле вработени во моментот кога им бил дијагностициран рак на грлото на матката. Најчесто жените користеле боледување во времетраење од три календарски месеци или околу 66 работни дена. Првите 30 календарски дена од боледувањето се платени од страна на работодавачот во износ од 85 % од платата за лица со малигни заболувања. По изминувањето на 30 календарски дена, боледувањето се исплаќа преку ФЗОРСМ во износ од 85 % од платата за лица со малигни заболувања. Согласно со добиените податоци од страна на жените, најчесто ФЗОРСМ исплаќа боледување за два месеци за жените што боледуваат од рак на грлото на матката. Просечната месечна бруто-плата исплатена во месец април 2021 година изнесува 42.441 денар. Земајќи ги предвид овие податоци, може да се заклучи дека ФЗОРСМ за една жена што боледува од рак на грлото на матката во просек исплаќа боледување во износ од 36.074 денари за еден месец, односно 72.150 денари за два месеци.

Според податоците од УК за онкологија и радиотерапија, во просек за периодот од 2016 до 2018 година од рак на грлото на матката се лекуваат 334 жени на годишно ниво. За да се направи проценка колку вкупно исплаќа ФЗОРСМ за боледување, ќе го искористиме податокот од истражувањето дека 40% од жените што боледуваат се во работен однос во моментот на дијагностицирањето на болеста[10]. Претпоставката е дека од 334 жени што се лекуваат од рак на грло на матка, 134 жени се во работен однос. Земајќи предвид дека во просек боледувањето за една жена изнесува 72.150 денари, може да се претпостави дека за сите жени што се лекуваат од ова заболување ФЗОРСМ исплаќа боледување во износ од 9.668.100 денари на ниво на една година.

[10]Проценката е направена врз основа на истражувањето на ЕСЕ, бидејќи не постојат официјално достапни податоци за работниот статус на жените што се лекуваат од рак на грлото на матката.

## IV.2. Трошоци од страна на жените што боледуваат од рак на грлото на матката

Во ова поглавје се прикажани трошоците што ги имале жените што боледуваат од рак на грлото на матката, а се на одреден начин поврзани со заболувањето. Тука се прикажани трошоците поврзани со дијагностичките здравствени услуги, патните трошоци за добивање на здравствени услуги, трошоците за набавка на лекови, додатоци во исхраната и останати препарати, трошоците за палијативно згрижување и останатите трошоци.

### Дијагностички здравствени услуги

Во периодот кога за прв пат им била откриена болеста, жените преземале повеќе дијагностички постапки (табела бр. 9). Во просек, секоја жена направила по пет дијагностички постапки со цел да се утврди дијагнозата и начинот на лекување. Здравствените услуги за пациентите што боледуваат од карцином се бесплатни, односно тие не плаќаат партиципација за овие услуги[11]. Меѓутоа, дел од жените изјавија дека им била наплаќана партиципација за одредени здравствени услуги во јавните здравствени установи. Исто така, дел од жените одредени дијагностички постапки ги направиле во приватните здравствени установи или во странство поради долгото време на чекање за преглед во јавните здравствени установи. Поради овие причини, 10 жени изјавија дека платиле за здравствените услуги поврзани со дијагнозата рак на грлото на матката, една жена изјави дека не платила ништо, додека пет жени не можат да се сетат дали плаќале за овие здравствени услуги.

***Табела бр. 9.*** *Приказ на дијагностичките постапки што ги преземале жените за дијагностика на рак на грлото на матката*

| Дијагностичка постапка | Број на жени |
|---|---|
| **Биопсија** | 15 |
| **Магнетна резонанца** | 13 |
| **ЕХО преглед** | 11 |
| **ПАП-тест** | 10 |
| **Компјутерска томографија** | 9 |
| **Киретажа** | 8 |
| **Колпоскопија** | 4 |

Жените во просек платиле 11.043 денари за сите дијагностички постапки поврзани со рак на грлото на матката.

[11] Програма за партиципација при користење на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија.

Со цел да се процени вкупниот трошок за дијагностички постапки за сите жените кај кои е откриен рак на грлото на матката, ќе го земеме предвид бројот на просечен број на жени што се лекуваат на УК за онкологија и радиотерапија на годишно ниво, кој изнесува 334 жени[12]. Земајќи го предвид просечниот трошок од 11 .043 денари за една жена, може да се претпостави дека вкупниот трошок за сите жени за дијагностички постапки на годишно ниво изнесува 3.688.362 денари. Земено е дека овој износ претставува трошок на годишно ниво, бидејќи сите интервјуирани жени изјавија дека сите дијагностички постапки им биле направени во период пократок од 12 месеци.

Воедно, при посетите на здравствените установи за дијагностика жените се изложени на дополнителни трошоци покрај патните трошоци (кои се опишани подолу), како што се трошоци за храна, трошоци за изгубени работни денови и друго.

## Лекување

Во врска со видот на третман што го добиле жените заради лекување на рак на грлото на матката, може да се забележи дека сите жени примиле или сè уште примаат зрачна терапија и хемотерапија, а помал број од нив имале оперативен зафат (табела бр. 10). Оваа состојба укажува дека кај поголемиот дел од интервјуираните жени, карциномот е откриен во понапредна фаза, кога веќе хируршки третман не бил можен. Согласно со Програмата на Министерството за здравство (6), ниту една жена која третманите ги добила во јавните здравствени установи не платила партиципација за третманите што ги добила поврзани со лекување на рак на грлото на матката. Една жена операцијата ја извршила во приватна болница и една жена операцијата ја извршила во странство. Овие жени платиле за третманот, меѓутоа овие трошоци нема да бидат предмет на анализа, бидејќи овие здравствени услуги се достапни и во Македонија.

***Табела бр. 10.*** *Приказ на видовите на третман на кои биле подложени жените*

| Вид на третман | Број на жени |
|---|---|
| **Хируршки третман (операција)** | 3 |
| **Радиотерапија (зрачење)** | 16 |
| **Хемотерапија** | 15 |

## Патни трошоци

Жените што се од Скопје, зрачната терапија и хемотерапијата можат да ја добијат во дневната болница на УК за онкологија и радиотерапија. Меѓутоа, жените што живеат надвор од Скопје, потребно е да бидат хоспитализирани, бидејќи треба да примат 28 третмани, кои се примаат секој ден, освен за викенд. За жените што не живеат во Скопје (11 жени), просечна цена на чинење на превозот за едно патување од дома до Клиниката и назад изнесува 1.418

[12]Просек за тригодишниот период од 2016 до 2018 година.

денари. Што подразбира дека за доаѓање во болницата и заминување од болницата жените во просек трошат 2.836 денари. Меѓутоа, речиси сите жени што беа интервјуирани заминуваат дома за викендите, па оттука реалните патни трошоци за време на болничкиот престој изнесуваат 9.926 денари во просек[13] за жените што живеат надвор од Скопје.

За жените што живеат во Скопје, или во околината на Скопје, патните трошоци за едно доаѓање до Клиниката изнесуваат 112 денари. Доколку се земе предвид дека жените треба да примаат терапија во текот на 28 дена, вкупно патните трошоци за една жена во просек изнесуваат 3.136 денари.

**Вкупни патни трошоци на годишно ниво.** Во првите 12 месеци од појавата на заболувањето жените имаат патни трошоци за дијагностика, лекување и за здравствени контроли по лекувањето. Жените што живеат во Скопје и околината сите патувања ги реализираат локално, односно во Скопје. Во просек жените од Скопје имаат пет патувања за дијагностика, 28 патувања за примање терапија и четири патувања за здравствени контроли по примање на терапијата. Вкупните патни трошоци за една жена од Скопје во првите 12 месеци изнесуваат 4.144 денари. Жените што живеат надвор од Скопје, во просек имаат 3,5 патувања за дијагностика во Скопје, 2 патувања за болнички престој во Скопје и 4 патувања за здравствени контроли во Скопје. За една жена, која живее надвор од Скопје, овие трошоци во просек изнесуваат минимум 13.471 денари за 12 месеци. Дополнително на тоа се трошоците за патување дома за викендите додека се на болничко лекување, меѓутоа бидејќи овие патувања се разликуваат кај жените, не се земени предвид при оваа пресметка. Воедно 8 (осум) жени изјавија дека при секое патување до Клиниката ги придружува некој друг, додека 4 (четири) жени изјавија дека некој друг ги придружува при најголемиот дел од посетите. Ова подразбира дополнителни трошоци и за лицето придружник, како што се трошоци за превоз, храна, изгубен работен ден и слично.

Во просек патните трошоци за една жена, без разлика на местото на живеење,во првите 12 месеци од заболувањето изнесува 8.807 денари. Износот е добиен како просек од патните трошоци на жените што живеат во Скопје и од патните трошоци на жените што живеат надвор од Скопје.

За да се процени вкупниот трошок на сите жени заболени од рак на грлото на матката, ќе биде земен просечниот број на жени што се лекуваат на УК за онкологија и радиотерапија на годишно ниво, а изнесува 334 жени за периодот од 2016 до 2018 година. Просечниот годишен трошок за една жена за патни трошоци изнесува 8.807 денари, при што се проценува дека вкупниот трошок за сите жени на годишно ниво изнесува 2.941.538 денари.

## Набавка на лекови, додатоци во исхраната и останати производи

По дијагностицирањето на ракот на грлото на матката, 11 жени имале потреба да купуваат лекови, додатоци во исхраната, препарати од алтернативната медицина и имале потреба од специјална исхрана (табела бр. 11). Во врска со вкупните трошоци за набавка на сите

[13]Земено е предвид дека за 28 работни дена има пет викенди, за кои патните трошоци изнесуваат 7.090 денари, додадено на основниот трошок за доаѓање и заминување од Клиниката (2.836 денари).

овие производи, од моментот на дијагнозата на болеста до денот на интервјуто, во просек изнесуваат 7.286 денари за една жена. Времето поминато од дијагнозата на заболувањето до интервјуто во просек изнесува една година за жените што ги имале овие трошоци, што значи дека износот од 7.286 денари е просечен годишен трошок.

Со цел да се процени вкупниот трошок за сите жени што боледуваат од ова заболување на годишно ниво, ќе го земеме просечниот број на жени што се лекуваат на УК за онкологија и радиотерапија на годишно ниво, а кој за периодот од 2016 до 2018 изнесува 334 жени. Вкупниот трошок на сите жени за набавка на лекови, додатоци во исхраната и останати препарати на годишно ниво во просек изнесува 2.433.524 денари.

***Табела бр. 11.*** *Приказ на производи што ги набавувале жените, а се поврзани со третманот на рак на грлото на матката*

| Производи што ги набавувале | Број на жени |
|---|---|
| **Додатоци во исхраната** | 11 |
| **Лекови** | 7 |
| **Специјална исхрана** | 2 |
| **Препарати од алтернативна медицина** | 1 |

## Палијативно згрижување

Фондот за здравствено осигурување не ги покрива трошоците поврзани со сместување и нега при палијативно згрижување на пациентите во Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“, па така значителен дел од трошоците паѓаат на товар на пациентките и нивните семејства. Пациентките за палијативно згрижување платиле 111.350 денари во 2018 година и 49.000 денари во 2019 година. Просечниот трошок по пациентка е повисок во 2018 година, за разлика од 2019 година, поради подолгиот престој во установата (табела бр. 12). Во однос на трошоците, во просек пациентките и нивните семејства плаќаат 80.175 денари годишно за палијативно згрижување (извадено како просек од двете години што се предмет на разгледување – 2018 и 2019 година).

***Табела бр. 12.*** *Приказ на исплатените средства од страна на пациентките и нивните семејства за палијативно згрижување во ЈЗУ Специјализирана болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“*

| Година | Број на пациентки | Вкупен број на болнички денови | Вкупно средства наплатени од страна на пациентките и нивните семејства | Просечен трошок по пациентка |
|---|---|---|---|---|
| **2018** | 4 | 224 | 111.350 | 27.838 |
| **2019** | 2 | 98 | 49.000 | 24.500 |

## Боледување

Како што беше претходно наведено, по поставената дијагноза рак на грлото на матката, жените што се вработени најчесто користат боледување во времетраење од три месеци. Додека се на боледување, на жените им се исплаќа 85% од нивната нето-плата. Просечната нето-плата за месец април 2021 година изнесува 28.438 денари. Што значи дека во просек на жените додека се на боледување им се исплаќаат 24.173 денари месечно, што е за 4.265 денари помалку од нивната плата. Бидејќи најголем дел од жените користат боледување во времетраење од три месеци, тоа значи дека врз основа на боледување тие вкупно губат 12.795 денари од нивната плата.

За да се процени вкупната загуба на средства кај сите жени што се лекуваат од рак на грлото на матката, ќе биде земен просечниот број на жени што се лекуваат на годишно ниво на УК за онкологија и радиотерапија, а изнесува 334 жени. Согласно со податоците од истражувањето, 40% од жените што се лекуваат се во работен однос, од што може да се претпостави дека 134 жени што се лекуваат на Клиниката се во работен однос. Од овие податоци може да се претпостави дека вкупната загуба на средства кај жените по основа на боледување на годишно ниво изнесува 1.714.530 денари.

## Потреба од нега

Пет од анкетираните жени изјавија дека во одреден период по дијагностицирањето на рак на грлото на матката не можеле самостојно да ги извршуваат основните животни потреби, односно имале потреба од нега од трето лице. Во сите пет случаи негата ја обезбедувало неплатено лице од домаќинството или надвор од домаќинството. Две жени имале потреба од нега во времетраење од 14 дена, додека една жена имала потреба од нега во времетраење од 30 дена. Останатите две жени не дадоа податок колку денови имале потреба од нега. Тоа подразбира дека жените што имаат потреба од нега од друго лице, за неа имаат потреба во просек 19 дена. Иако во сите случаи жените не им платиле на лицата за обезбедената нега, сепак може да се пресмета вредноста на неплатената работа за обезбедување на нега.

Здружение ЕСЕ во претходно истражување[14] утврди дека неплатената работа за нега во домаќинствата има вредност од 21.912 денари за еден месец. Бидејќи во месецот има приближно 22 работни дена, просечните 19 дена за потреба од нега може да се смета како платена работа за еден месец. Па оттука може да се процени дека обезбедената неплатена работа за нега за една жена заболена од рак на грлото на матката има вредност од 21.912 денари.

За да се процени вкупната вредност на работата за нега на жените што се лекуваат од рак на грлото на матката, ќе биде земен просечниот број на жени што се лекуваат на годишно ниво на УК за онкологија и радиотерапија, а изнесува 334 жени. Согласно со податоците од истражувањето, 31% од жените што се лекуваат имале потреба од нега од друго лице, од што може да се претпостави дека 103 жени имале потреба од нега. Од овие податоци може да се претпостави дека вкупната вредност на обезбедената работа за нега на жените на годишно ниво изнесува 2.256.936 денари. При тоа треба да се напомене дека во истражувањето кај сите жени оваа нега била обезбедена од близок член на семејството, односно не платиле за неа. Меѓутоа, може да се претпостави дека дел од жените што имале потреба, плаќале негата да биде обезбедена од трето лице.

## Останати трошоци

Жените што се на болничко лекување изјавија дека се изложени и на дополнителни трошоци, бидејќи треба да набават потребни работи за престој во болницата, а воедно поради долгиот престој многу често купуваат храна однадвор додека се на болнички престој. Меѓутоа, жените не можеа да дадат конкретен износ за овие трошоци.

[14] Павловски Б. 2019. *Колку чини неплатената работа за нега во домашни услови?*, Здружение ЕСЕ.<https://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2019/Neplatena%20rabota%20za%20nega.pdf>

## V. ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАБОЛУВАЊЕТО ВРЗ ЖЕНИТЕ

Дијагностицирањето на малигното заболување на грлото на матката има сериозно влијание врз животот и состојбата на жените. Пред сè голем дел од нив посветуваат значително време за да ги извршат потребните прегледи, третмани и здравствени контроли за ова заболување. За одреден дел од жените примањето на хемотерапија и зрачна терапија предизвикува низа несакани ефекти со кои тие треба да се справуваат долгорочно. Одреден дел од жените останале без работа поради нивните чести отсуства од работното место, додека еден дел од жените не се чувствуваат способни да продолжат да работат.

*„Не сум сигурна дали ќе можам да продолжам да работам. Јас работам во текстилната индустрија како шивачка и сега не се чувствувам способна да продолжам да работам. Немам доволно години стаж за да побарам инвалидска пензија, така што не знам што ќе правам понатаму“ (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

*„Мене ме отпуштиле од работа додека бев на боледување, дури и не знам точно кога ме отпуштиле. Сè уште примам терапија, а потоа не знам како ќе можам да најдам нова работа “ (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

Воедно, одреден дел од жените изјавија дека повеќе не се во можност ниту во иста мера да ги извршуваат домашните обврски и обврските околу грижата за децата, како што тоа го правеле пред да се појави заболувањето. Воедно, кај еден дел од жените е присутен изразен страв за нивното здравје и живот.

*„Јас имам две малолетни деца, а сега не се чувствувам способна да се грижам за нив. Сè уште ја примам терапијата тука во болница. Многу сум загрижена и не знам како понатаму ќе се грижам за моите деца и за домот. Сè што сакам е да се вратам дома и да можам да си ги чувам децата“ (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

Дел од жените стравуваат за нивните приходи и нивната финансиска егзистенција, бидејќи дијагнозата на заболувањето носи дополнителни трошоци за нив и нивните семејства, а воедно ги оневозможува да работат и да заработуваат за себе и за своите семејства. Особено се погодени жените што немаат доволно работен стаж и немаат право да остварат инвалидска пензија, а поради дијагнозата не се способни да работат.

*„Во моментот кога ми беше дијагностициран ракот јас не бев вработена. Немам ниту доволно години на работен стаж за да можам да побарам инвалидска пензија. Мажот ми е пензионер, ама неговата пензија е многу ниска. Ние немаме пари ни за нашите основни потреби, немаме доволно пари за храна, а да не зборувам па да купувам некои препарати или нешто друго за да си го подобрам здравјето“ (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

*„Ние имаме многу ниски примања, живееме со пензијата од мажот ми која е 9 000 денари. Како можеме да имаме нормален живот со овие пари? А сега со болеста имам и дополнителни трошоци, треба да купувам лекови, препарати и други работи. Сега сум во болница, ама кога ќе ме отпуштат јас ќе се вратам дома во Прилеп. Јас нема да можам да доаѓам на редовните контроли за мојата болест во болницата во Скопје, затоа што немам пари да платам за патот. Јас навистина не знам како ќе можам редовно да ја контролирам*

*мојата болест. Јас сега веќе не сум способна да работам, а немам ни право на пензија" (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

Кај некои од жените било потребно доста време и повеќе лекарски прегледи пред да се воспостави дијагнозата. Оваа состојба претставува дополнително оптоварување за жените, бидејќи одзема значителен дел од нивното време, а воедно ги изложува на дополнителни трошоци.

*„Јас имав големи проблеми, бидејќи цела една година докторите не можеа да утврдат што ми е, не можеа да ми најдат дијагноза. Бев кај повеќе доктори, исто така отидов и во една приватна болница, ама никој не можеше да открие што ми е, им требаше една година за да ми утврдат дијагноза"(Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

Долгото време на чекање за дијагностичките прегледи во јавните здравствени установи, пак, приморало дел од жените овие прегледи да ги прават на приватно, односно на свој трошок. Оваа состојба секако претставува сериозно финансиско оптоварување за жените и нивните семејства. Долгото време на чекање за прегледи претставува особено значаен проблем бидејќи времето често пати е од големо значење за навременото лекување и исходот од малигните заболувања.

*„Требаше да чекам два месеци за да направам компјутер (се мисли на компјутерска томографија) и магнетна резонанца. Не можев да чекам толку долго, бидејќи докторите ги чекаа овие резултати за да одлучат дали ќе ме оперираат или не. Затоа отидов на Косово за да направам компјутер и магнет. Јас имам среќа, затоа што мојата поширока фамилија ми помогна финансиски за да ги платам овие прегледи. Инаку јас самата немаше шанси да ги платам овие прегледи, затоа што живеам од пензија од само 9.000 денари" (Изјава на жена што боледува од рак на грлото на матката).*

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ